ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2018 ГОДИНА НА
# АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО „МЕДИУМСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА“ – СКОПЈЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

01 2019 03 12

Скопје, март 2020

# С О Д Р Ж И Н А


| **Опис** | **Страна** |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 17 |
| Финансиски извештаи за 2018 година: | |
| Биланс на успех | 18 |
| Биланс на состојба | 19 |
| Преглед на промени на капиталот и резервите | 20 |
| Извештај за паричниот тек | 21 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 22-26 |
| - Сметководствени политики | 26-31 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 32-40 |

Прилози
Прилог 1 - Спроведени препораки по конечен извештај на ОДР за финансиските извештаи за 2009 година
Прилог 2 – Одговор на забелешки на Нацрт извештај

Кратенки користени во извештајот:

РМ – Република Македонија
РСМ – Република Северна Македонија
СОЗР-Служба за општи и заеднички работи
ЗТД- Закон за трговските друштва
МИА-Медиумска информативна агенција
НО-Надзорен одбор
УО-Управен одбор
ЈП-Јавно претпријатие
АД-Акционерско друштво
ССНМ-Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници
МСС-Меѓународни сметководствени стандарди
ДДВ-Данок на додадена вредност

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:10-466/1

Дата:23.03.2020

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Акционерско друштво „Медиумска Информативна Агенција“ – Скопје во државна сопственост (во понатамошниот текст: МИА) за 2018 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на МИА за 2018 година изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на МИА за 2009 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за наведената ревизија, при што е утврдено дека три препораки се спроведени и две се делумно спроведени.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2018 година, заедно со ревизија на усогласеност ги констатиравме следните состојби:

- слабости во воспоставениот систем на внатрешни контроли кај благајничкото работење и процесот на пресметка и исплата на плата;
- несоодветно систематизирани работни места, без утврдени работни активности, како и пополнетост на дел од истите без исполнување на предвидените квалификации;

- пописот на побарувањата не е спроведен во целост и извршен е отпис на дел од застарени побарувања со несоодветно сметководствено евидентирање и
- непостапување согласно одредбите од договорот со авторската агенција за извршена исплата на авторски хонорари и надоместоци.

За констатираните состојби дадени се препораки за надминување на истите.

Во делот за нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденивме состојби кои се однесуваат на:

- носење на Колективен договор на МИА на 04.02.2020 година за уредување на правата на вработените;
- во управниот одбор од предвидените пет члена именувани биле четири и истиот целосно е пополнет на 15.01.2020 година со именување на петти член;
- начинот на утврдување на надоместоците за членовите на Надзорен одбор;
- потреба од уредување на правата и обврските на членовите на Управниот одбор со склучување на Договори;
- статусот на заменик директор, како дел од актите за внатрешна организација на МИА и во истото време дел на системот на органите на раководење, управување и застапување и
- преиспитување на одлуката за именување на член во Надзорен одбор имајќи предвид дека истото лице е член на орган на управување во друго јавно претпријатие.

Во делот за останати прашања, истакнавме одредени слабости кои се однесуваат на потребата од доуредување на основот и начинот на финансирање на МИА од Буџетот на РСМ.

Од страна на одговорното лице на МИА добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека претставуваат известување за преземени мерки и активности по констатираните состојби и дадените препораки и истите се соодветно обелоденети во извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 18 до страна 21 заедно со ревизија на усогласеност на Акционерското друштво „Медиумска Информативна Агенција“ – Скопје во државна сопственост кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на успех, извештај за промени во главнината/капиталот и извештај за паричните текови за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Акционерско друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје[1] во државна сопственост за 2009 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Драган Антоновски, претседател на Управен одбор и генерален директор од 05.08.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од

[1] Преименувана во „Медиумска информативна агенција“ – Скопје со статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на АД „МИА“, Службен весник на РСМ број 90 од 08.05.2019 година.

точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.11.2019 до 20.12.2019 година во Акционерско друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје во државна сопственост на сметката за 2018 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките**

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 08-138/7 од 23.09.2010 година за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2009 година. Утврдивме дека од дадените пет препораки три се спроведени и две делумно спроведени.(Прилог 1)

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на МИА, одржан на ден 14.01.2020 година.
На ден 10.03.2020 година со писмо број 10-233/3 од 10.03.2020 година примени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, број 10-233/1 од 03.02.2020 година. Забелешките се разгледани и констатирано е дека претставуваат известување за преземени мерки и активности по констатираните состојби и дадени препораки и истите се соодветно обелоденети во извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај.

Констатирани се следните состојби:

4.1. **Внатрешни контроли**

4.1.1. Системот на внатрешни контроли претставува систем на политики, процедури и активности воспоставени од раководителот на субјектот, со цел да обезбеди разумно уверување дека целите на субјектот се остваруваат. Во насока на воспоставување на финансиското управување и контрола од страна на органите на управување и раководење на МИА донесени се процедури за поголем дел од процесите на институцијата. Имплементирани се Систем за менаџмент со квалитет, Заштита на животна средина и Безбедност и здравје при работа, согласно барањата со стандардите ISO 9001:2008, ISO 14001:2004 и OHSAS 18001:2007 и се вршат редовни проверки и ресертификација.

При оцена на системот на внатрешни контроли во МИА, ревизијата констатира дека истиот не е во целост дизајниран согласно барањата на Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор[2] и тоа:

**Благајничко работење**

Со увид во приложената документација и воспоставената пракса за вршење на активностите поврзани со благајничкото работење констатиравме дека со актот за систематизација не е предвидено работно место за извршување на активностите за благајничко работење, поради што одговорното лице со Одлука[3] има назначено две лице за благајничко работење, од кои едното ги извршува работите, а второто врши контрола. Констатиравме дека благајничките извештаи се изработуваат и евидентираат во сметководствената евиденција на месечно ниво. И покрај воспоставените контроли постои ризик од ненавремено евидентирање на промените во благајна и следење на состојбата на паричните средства на дневна основа.

Во 2019 година донесен е Правилник за благајничко работење[4], со кој се уредени начинот на благајничко работење, чување, евидентирање и располагање со готовината.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење да преземат мерки и активности за:
- предвидување на работно места со дефинирани активности на благајничко работење во актот за систематизација и
- целосна имплементација на Правилникот за благајничко работење.

**Процес на пресметка и исплата на плата**

Со извршениот увид на начинот на вршење на пресметката и исплатата на плати, ревизијата констатира дека не е донесена пишана процедура, со која ќе се дефинираат активностите на изготвување, контрола и одобрувањето на документацијата која е основ за пресметка и исплата на платите во МИА.
Во МИА систематизирано е работно место самостоен референт за сметководствени работи и пресметка и исплата на плата, но истото не е пополнето. Воспоставена е пракса пресметката и исплата на платата како и контролата на документацијата да се извршува од едно исто лице, распоредено на работно место раководител на секторот за логистика. Сметководствената

[2] Стандарди за внатрешна контрола во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ број 147/2010)
[3] Број 02-537/7 од 24.08.2017 година.
[4] Број 01-791/3 од 30.09.2019 година

евиденција се врши од страна на надворешен правен субјект, врз основа на договор, иако е предвидено работно место сметководител.
Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, поради што не е обезбедена соодветна контрола и поделба на работните должности и создава ризик од можност за грешки во процесот на пресметката и исплата на плата на вработените.
Со доставените забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, од страна на одговорното лице добиено е известување и приложена е Процедура за пресметка и исплата на плата на вработените во МИА, број 02-278/3 од 03.03.2020 година.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење да продолжат со отпочнатите активности за целосна примена на процедурата за пресметка и исплата на платите на вработените во МИА и разгледување на можноста за пополнување на работно место самостоен референт за сметководствени работи и пресметка и исплата на плата.

4.2. **Усогласеност со закони и прописи**

4.2.1. Во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на МИА за 2009 година, овластениот државен ревизор истакна дека во правилникот за внатрешна систематизација и организација предвидени се општи формулации на работните места. Со извршената ревизија констатиравме дека и со Правилникот за систематизација на работите и работните задачи[5] донесен во 2012 година, наведената состојба сеуште не е надмината и истиот не ги дефинира прецизно и јасно надлежностите, одговорностите и компетентноста на вработените и тоа:

- кај од дел од систематизираните работните места предвидени се идентични работни задачи, иако истите се класифицирани со различен стен на сложеност на работата и со различни бодови за плата, (постар соработник, соработник), (уредник новинар и постар новинар);
- од вкупно 136 систематизирани работи места, предвидени се општи квалификации, при што кај 45 работни места како потребно занимање е назначено – „сите занимања”, кај 68 работни места „новинар” а во делот на потребни квалификации е наведен само степенот на образование (VII/1 или IV степен стручна спрема) и
- пет лица не ги исполнуваат условите за работното место на кое се распоредени.

[5] Број 01/160 од 07.02.2012 година, измени и дополни бр.01-398/8 од 18.09.2014 година, бр.02-57/4 од 24.02.2015, бр.01/411-13 од 11.11.2016, бр.01-339/4 од 14.07.2016, бр.02-270/12 од 26.03.2018 година и бр.02-684/5 од 01.08.2018 година. Пречистен текст 02-684/9 од 03.08.2018 година.

Погоре наведените состојби не се во согласност со член 19 став 2 од Закон за работните односи и правилниците за внатрешна организација и систематизација на работите и работните задачи.

- Систематизирани се работни места генерален директор и заменик директор кои се дел од органите на управување и раководење, кои ги избира надзорниот одбор и нивните права и обврски треба да се уредат со Договори за уредување на односите, како што е предвидено во член 350 и 365 од ЗТД и член 26 Статутот (детално во т.6.1.4. и т.6.1.5).

Несоодветно систематизирани работни места, несоодветно определени работни задачи и потребни квалификации за дел од работните позиции, влијае на начинот на реализацијата на деловните и контролни активности за остварување на целите на МИА.
Од страна на УО во 2017 година донесена е „Одлука[6] за формирање на тимови за организација, истражување, финансии и систематизација„ со цел подготовка на нова систематизација, но до денот на вршење на ревизијата по истата се уште не е постапено.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење да:
- продолжат со активностите за донесување на нови акти за внатрешна организација и систематизација на работните места согласно закон и
- распоредувањето на вработените по работни места да се врши согласно утврдените услови и квалификации.

4.3. **Финансиски извештаи**

4.3.1. Во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на МИА за 2009 година, овластениот државен ревизор има истакнато дека се евидентирани побарувања без соодветна документација, со што биле искажани и повеќе приходи.
Позицијата побарувања од купувачите во Билансот на состојба на ден 31.12.2018 година е проценета во вкупен износ од 4.619 илјади денари.
Со увид во извршениот попис на Побарувањата од купувачите за 2018 година, ревизијата ги констатира следните состојби:
- од вкупните побарувања во износ од 6.667 илјади денари, на предлог на комисијата за попис донесена е Одлука[7] на УО со која се отпишани дел од побарувањата, кои се застарени повеќе од 5 години и за кои не биле преземени мерки за нивна наплата, во износ од 2.048 илјади денари. Нивниот

[6] Број 02-724/4 од 01.11.2017 година и 02-629/3 од 18.09.2017 година
[7] Одлука 02-259/8 од 27.02.2019 година

отпис е сметководствено евидентиран со намалување на акумулираната добивка, повикувајќи се на МСС 8[8]. Ревизијата истакнува дека согласно член 9 точка 17 од Законот за данокот на добивка, трајниот отпис на побарувањата од купувачите е непризнаен расход, но поради отписот со намалување на акумулираната добивка, истото нема ефект на искажаниот данок на добивка во Даночниот биланс и

- за дел од побарувањата во износ од 1.073 илјади денари, кои се пренесени и потекнуваат од претходни години, пописната комисија не утврдила старосна структура и не дала предлог за отпис.
  Во текот на ревизија од страна на одговорните лица направена е старосна структура на побарувањата и констатирано е дека истите се застарени при што 69% од вкупните побарувања се од буџетски корисници/државни институции.

Ваквиот начин на евидентирање на резултатите од попис, како и неусогласување на сметководствената со фактичката состојба на дел од побарувањата, не е во согласност со одредбите од Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот[9] и има за резултат нереално и необјективно искажување на побарувањата од купувачите во финансиските извештаи за 2018 година.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење да ги преземат следните мерки и активности:

- за сите искажани побарувања со состојба 31.12 да се утврди правниот основ и старосната структура, причините за појавените разлики, како и давање на соодветни предлози за вредносно усогласување на истите во финансиските извештаи и
- навремено и соодветно покренување на постапки за наплата на побарувањата по основ на извршени услуги.

4.4. **Користење на средства согласно законски прописи**

4.4.1. МИА во текот на 2018 година има ангажирано 26 лица за дописнички услуги од други градови во РСМ и странство за новинарски услуги, стручен превод и обработка на вести, за кои согласно Законот за трансформација во редовен работен однос, има обезбедено согласности за ангажирање лица со договор на дело од Министерството за финансии. За 2018 година склучен е Договор[10] за

[8] Сметководствени политики, промена на сметководствени проценки и грешки
[9] Службен весник на РМ број 107/2011
[10] Договор за јавна набавка на услуги од авторска агенција, број 05-349/2 од 06.07.2017 година и број 05-572/16 од 17.07.2018 година

јавна набавка на услуги од Авторска агенција, која е обврзана да врши подготовка на авторските договори и договорите на дело, да издава фактури за исплата на авторските хонорари и врши исплата на истите.

При увид во поткрепувачката документација за расходите по склучените договори, кои во 2018 година се во вкупен износ од 5.123 илјади денари, ревизијата ги утврди следните состојби:

- во договорот за јавна набавка на услугите од авторската агенција не е прецизно уреден начинот на фактурирање на вкупната и поединечната вредност на услугите, по автор, искажан персонален данок на доход, провизија и ДДВ. Имено, Агенцијата во фактурите кои ги доставува на месечно ниво до МИА, искажува бруто износ за вкупна вредност на пресметаниот износ за автори, износ на провизија по вредност на договорот за јавна набавка и пресметан ДДВ, при што не изработува јасно искажани детални позиции/спецификација на извршените пресметки,
- од страна на Агенцијата по секој исплатен хонорар/надоместок не се доставува потврда или друг доказ за извршена исплата, како што е предвидено во член 9 од Договорот за јавна набавка и
- од страна на МИА не се врши тековна проверка и контрола на исплатите на фактурите по основ на авторски договори.

Согласно член 41 од Законот за Персоналниот данок на доход[11], при утврдувањето на нето приходот од авторски права и права од индустриска сопственост се признаваат одредени трошоци во зависност од авторското дело. Овие признаени трошоци се движат од 25% до 60% од бруто приходот. Со користење на ревизорски техники констатиравме дека Агенцијата фактурира по целосна пресметковна стапка на персонален данок од 11,111%.

Од причина што не се доставени детални потврди од страна на Агенцијата и докази за извршена исплата на авторските хонорари, ревизијата не беше во можност да го квантифицира износот кој Агенцијата го има исплатено кон авторите како и уплатата на персонален данок на доход во Буџетот на РСМ.

Во текот на ревизијата од страна на одговорното лице е доставено Барање[12] до Авторската агенција за доставување на докази за извршените исплати и платен персонален данок по основ на авторските договори.

Со доставените забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, од страна на одговорното лице добиено е известување и прилог докази за преземени дополнителни активности. Имено, од страна на адвокатска канцеларија, полномошник на МИА, доставена е Опомена пред тужба до Агенцијата на ден 11.02.2020 година. Врз основа на поднесеното барање и опомена доставени се потврди за пресметки за исплатен данок на авторски

[11] Службен весник на РМ бр.80/93, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01 и исправка, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 6/07- исправка ,160/07, 159/08, 20/09, 139/09, 171/2010, 135/2011, 166/2012, 187/2013, 13/2014, 116/2015, 129/2015, 199/2015, 23/16 и 190 од 25.12.2017 година

[12] Број 02-68 од 14.01.2020 година

хонорари за 2017, 2018 и 2019 година. Од страна на Агенцијата на 22.02. и 29.02.2020 година, извршен е поврат на средства на сметка на МИА во вкупен износ од 324 илјади денари за периодот од 2017 до 2019 година.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење да преземат мерки и активности за:
- извршување на тековна проверка и контрола на фактурите за надоместоците за авторските договори и
- обезбедување докази за извршените исплати по однос на авторските договори.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.2., 4.3. и 4.4. се однесуваат на состојбите за несоодветно систематизирани и пополнети работни места, нецелосен попис на побарувањата, несоодветно евидентирање на отпишаните побарувања од минати години, како и исплати на средства преку авторска агенција кои не се согласно договорот, имаат влијание врз издаденото мислење од страна на ревизијата.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење со резерва:**

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Акционерско друштво „Медиумска Информативна Агенција“ – Скопје во државна сопственост на ден 31 декември 2018 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Акционерско друштво „Медиумска Информативна Агенција“ – Скопје во државна сопственост, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1.1. Вработените во МИА своите права од работен однос, основната плата, додатоци на плата и други надоместоци, ги остваруваат по различни основи и тоа: Законот за работни односи, Законот за исплата на платите во РМ, Статутот на МИА[13] и Правилникот за внатрешна организација, Правилникот за систематизација на работите и работните задачи, Правилникот за распоредување на добивката, платите и другите надомести на работниците[14]. Согласно член 50 од Статутот предвидено е дека прашањата кои се од значење за МИА, а не се уредени со Статутот, треба да се уредат со други акти кои ги носи Управниот одбор, меѓу кои и Колективен договор. Со донесениот Правилник за распоредување на добивката, платите и другите надоместоци на работниците во МИА е предвидено платата на работникот за полно работно време да не може да биде пониска од најниската плата утврдена за одделни степени на сложеност според Колективниот договор, како и дека работникот има право на надомест на трошоци поврзани со работата чија висина треба да се пресметува согласно со Колективниот договор. Од страна на надлежните органи и Синдикатот подолго време течат преговори и во текот на 2019 година од страна на УО донесена е Одлука[15] за овластени лица за преговарање за склучување на Колективен договор, да можат во име и за сметка на МИА да преговараат со синдикалните претставници на ССНМ за склучување на колективен договор.

До денот на вршење на ревизијата Синдикатот на вработените на МИА се уште нема склучено Колективен договор во насока на остварување и заштита на правата на вработените.

Со оглед на фактот што исплатата на плата и надоместоци за вработените се вршат врз основа на повеќе, различни законски основи, ревизијата истакнува дека постои потреба од донесување на Колективен договор на ниво на МИА.

Со доставените забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен

---

[13]Службен весник на РМ бр. 53/06, 157/07, 138/2013,202/14, 28/15 и 90/19
[14]Број 01/161 од 07.02.2012 година, измени и дополни број 01-398/9 од 18.09.2014 година, број 01-411/14 од 11.11.2015 година, број 01-339/6 од 14.07.2016 година и број 02-724/2 од 01.11.2017 година
[15] Одлука број 02-451/7 од 28.05.2019 година

ревизор, од страна на одговорното лице добиено е известување за преземени активности односно склучен е Колективен договор на МИА[16] на 04.02.2020 година.

6.1.2. Согласно Законот за трговските друштва и Статутот, управувањето на МИА е организирано според двостепен систем, односно Управен и Надзорен одбор. Управниот одбор управува со друштвото и се состои од пет членови, кои ги избира надзорниот одбор, со мандат од четири години. Исто така, согласно Статутот е предвидено дека одлуките на управниот одбор се сметаат за донесени, ако за нив гласале повеќе од половината од вкупниот број на членови. Во јануари 2019 година со оставка[17] испразнето е едно место на член на Управен одбор кој ја вршел функцијата од 05.08.2017 година. Од страна на Претседателот на управниот одбор доставено е Известување[18] до надзорниот одбор за понатамошно постапување, односно именување на нов член согласно ЗТД и Статутот. Истакнуваме дека до денот на вршење на ревизијата не е извршено ново именување на петти член на управниот одбор, поради што непотполниот состав довел до проблеми при тековно одлучување и управување со работењето на МИА, кои се во надлежност на управниот одбор.
Од страна на Генералниот директор и воедно Претседател на управниот одбор, испратено е Известување[19] до Владата на РСМ, како основач и носител на правата на Собрание на акционери, со кое е известено за состојбата со неименување на член на управниот одбор од страна на надзорниот одбор, како и за проблемите кои настанале поради неполн состав во текот на 2019 година.
Во насока на надминување на состојбите, обезбедување континуитет во работата на органите на управување и раководење, постои потреба надзорниот одбор да изврши избор, заради целосно пополнување на пропишаните пет члена на управниот одбор, со што ќе се овозможи непречено заседавање и одлучување.
Со доставените забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, од страна на одговорното лице добиено е известување за именување на петтиот член на Управен одбор, со Одлука за избор на член на Управниот одбор со број 02-65/7 од 15.01.2020 година, донесена од Надзорниот одбор на МИА, со која состојбата е надмината и управниот одбор од 15.01.2020 година е целосно пополнет.

6.1.3. Согласно член 365 став 1 од ЗТД уредено е дека Собранието на акционери со одлука го определува месечниот паушал или паушалот по состанок на неизвршните членови на одборот на директорите, односно на членовите на надзорниот одбор. Имено за членовите на надзорниот одбор на МИА, Владата

[16] Колективен договор на МИА број 01/123 од 04.02.2020 година
[17] Оставка од функцијата од член на УО - Шерибан Клокочки задолжена за сервисите на други јазици од 15.01.2019 и заверена на нотар Број УПЗ 692/2019 од 4.02.2019 година
[18] Известување до членови на НО, број 02/43 од 16.01.2019 година
[19] Известување број 03/1046 од 20.12.2019 година

на РСМ како Собрание на акционери на МИА треба да донесе Одлука со која ќе ја утврди висината на месечниот надоместокот.

Во текот на 2017 година надзорниот одбор на МИА има донесено Одлука[20] за утврдување на висината на надоместокот на претседателот и членовите на надзорниот одбор, врз основа на која се исплаќаат месечни надоместоци кои се во рамките на утврдените износи согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Сто дваесет и деветтата седница на Владата на РМ одржана на 22.12.2015 година.

Во текот на месец октомври 2019 година, надзорниот одбор има донесено нова Одлука[21] за утврдување на висината на надоместокот на Претседателот и членовите на надзорниот одбор над износот утврден како максимален од страна на Владата на РСМ, која сеуште не е спроведена од страна на одговорното лице.

Обелоденуваме дека од страна на одговорното лице доставено е барање[22] до Владата на РСМ за информација дали заклучокот на Владата од 2015 година за висината на надоместоците се уште е во примена или е донесен нов, на што добиен е повратен одговор[23] дека истиот заклучок е се уште во примена и надоместоците треба да бидат во рамки на утврдените износи.

6.1.4. Согласно Законот за трговските друштва во МИА е формиран двостепен систем на управување, Управен и Надзорен одбор, со мандат од четири години. Со членот 365 од ЗТД е предвидено *„Правата на извршните членови на одборот на директорите, на членовите на управниот одбор, односно на управителот се уредуваат со договорот, соодветно на видот и обемот на договорените задачи, работно правен статус и на нивниот личен придонес во успешноста на работењето на друштвото„*. Исто така членот 366 став 1 од ЗТД пропишува: *„Правата и обврските од работниот однос што ги стекнал извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управител кој пред изборот е во работен однос во друштвото, утврдени со договор за работа, му мируваат. Мирувањето започнува од денот на изборот на тоа лице. “*

Надзорниот одбор на МИА со Одлука[24] именувал пет члена на Управниот одбор од кои еден е Претседател и генерален директор, а останатите членови се именувани од редот на вработени во МИА, од кои еден е раководител на сектор, а останатите се на пониско хиерархиско ниво, кои покрај раководните активности ги извршуваат и работните задачи на работното место пред нивното именување. Платите на членовите на управниот одбор и генералниот директор се уредени и се исплаќаат согласно интерните актите на МИА, односно во висина на платата за работното место на кое биле распоредени. Во годината предмет на ревизијата претседателот и членовите на управниот одбор согласно

[20] Број 02-698/3 од 19.10.2017 година
[21] Број 02-882/4 од 24.10.2019 година
[22] Број 03-1033 од 18.12.2019 година
[23] Број 03-49 од 13.01.2020 година
[24] Број 02-493/ 5 од 05.08.2017 година

Одлука[25] на надзорниот одбор, покрај платата од редовен работен однос, добиваат и месечен надоместок за учество во работата на управниот одбор.

Од страна на надзорниот одбор во 2017 година утврден е *„Нацрт договор за уредување на односите помеѓу АД МИА и Претседател на Управен одбор и генерален директор-менаџерски договор*“, кој е доставен до Собранието на акционери, односно Владата на РСМ[26] на одобрување, но до денот на вршење на ревизијата истиот не е одобрен.

Менаџерскиот договор е изготвен врз основа на членот 14 алинеја 5 и член 26 од Статутот на МИА, кои предвидуваат дека правата и обврските на членовите на управниот одбор се определуваат со Договор за уредување на односите меѓу друштвото и членот на Управниот одбор и истите ги одобрува Собранието.

Неуредените права и обврски на членовите на управниот одбор, кои во исто време ги извршуваат активностите и остваруваат права кои произлегуваат од редовниот работен однос, доведува до преклопување, несоодветна поделба на надлежностите во носењето на одлуките при управувањето и работењето.

Имајќи го предвид горе наведеното, ревизијата е на мислење дека надлежните органи треба да иницираат постапка до Владата на РСМ за склучување на Договори за уредување на односите, со кои соодветно ќе се уредат видот и обемот на доверените задачи, работно правниот статус, личниот придонес во успешноста на работењето на друштвото, како и ситуациите кога се смета дека значително е влошена финансиската состојба на друштвото.

6.1.5. Согласно член 27 од Статутот на МИА, претседателот на управниот одбор односно генералниот директор ја застапува МИА во односите со трети лица, а во негово отсуство заменикот на генералниот директор. Исто така во интерните акти на МИА, како дел од менаџментот, во организационата структура е систематизирано работно место заменик директор.

На 13.03.2017 година од страна на претходниот состав на Надзорниот одбор со Одлука[27] извршен е избор на членови на Управен одбор и воедно со Одлука[28] едно лице од членовите е избран и за вршител на должност - заменик директор. Со Одлука[29] за избор од 03.08.2017 година од страна на Собранието на акционери, односно Владата на РСМ, извршен е избор на нови членови на Надзорен одбор на МИА, како и избор на нови членови на Управен одбор со Одлука[30] донесена од страна на Надзорен одбор. Со изборот на новиот состав на управниот одбор не е именуван нов заменик директор и истото лице, иако не е именуван за член на Управниот одбор и не учествува во работата на истиот, сеуште ја извршува

[25] Број 02-698/4 од 19.10.2017 година
[26] Број 03-702/1 од 24.10.2017 година
[27] Број 02-156/7 од 13.03.2017 година
[28] Број 02-156/9 од 13.03.2017 година
[29] Број 24/4418/1 од 03.08.2017 година
[30] Број 02-493/5 под 05.08.2017 година

функцијата заменик директор.

Ревизијата истакнува дека е потребно да се преиспита статусот на заменик директор, како дел од актите за внатрешна организација на МИА и во истото како дел на системот на органите на раководење, управување и застапување.

6.1.6. Од страна на Владата на РСМ, во својство на Собрание на Акционери на МИА, на седницата одржана на ден 03.09.2017 година, донесена е Одлука[31] за избор на членови на Надзорен одбор на МИА, меѓу кои именувано е лице кое истовремено извршува и функција како член на Управен одбор на јавно претпријатие. Ваквата состојба не е во согласност со член 21 од Законот за спречување на корупција[32] кој предвидува дека именувано лице или службено лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување во јавно претпријатие или друго правно лице кое располага со државен капитал. Во случај на избор или именување, или стекнување својство на службено лице, му престанува поранешната функција. Исто така и со членот 49 од новиот Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси[33] е предвидено дека избраното или именувано лице не може да биде член на управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија, агенции, фондови и сите други правни лица со доминантен државен капитал, освен ако со закон не е поинаку утврдено.

Поради горенаведеното ревизијата истакнува дека постои потреба од преиспитување на донесената одлука за именување на членови во надзорни и управни одбори, во случаи кога именуваното лице истовремено е член и во други органи.

## 7. Останати прашања

7.1.1. Ревизијата истакнува дека МИА е основана со Одлука[34] на Собранието на РМ од 1992 година, со која е предвидено финансирањето да се врши од Буџетот на РМ во износ од 50.000 илјади денари, како и од сопствени приходи од продажба на производи и услуги.

Во 2006 година со Одлука[35] на Владата на РМ извршена е трансформација на Јавното претпријатие „Македонска информативна агенција“ во Акционерско друштво „Македонска информативна агенција“ Скопје во државна сопственост. Со трансформацијата на МИА од јавно претпријатие во акционерско друштво не е предвиден начинот на финансирање со средства од Буџетот на РСМ.

Со извршената ревизија, утврдивме дека финансирањето на МИА продолжува да се врши од Буџетот на РСМ, како и од сопствени приходи. Воспоставена е

[31] Број 24-4418/1 од 07.08.2017 година
[32] „Службен весник на РМ” бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08, 145/10, 97/15, 148/15, 57/17
[33] „Службен весник на РМ“ бр. 12/19
[34] Одлука за основање на ЈП МИА, број 05-598/1 од 18.02.1992 година, донесена од Собрание на РМ
[35] Одлука на Влада на РМ, број 19-1757/1 од 13.04.2006 година

пракса годишното финансирање на МИА да се врши од разделот на СОЗР, по основ на трансфери кои се предвидени во Финансискиот годишен план на МИА. За 2017 година по овој основ за МИА извршени се месечни трансфери од СОЗР и реализирани приходи во вкупен износ од 41.000 илјади денари, за 2018 година во износ од 44.000 илјади денари, за 2019 година во износ од 55.000 илјади денари кој износ е одобрен и за 2020 година.

Ваквата состојба упатува на потребата од преиспитување на можноста од системско уредување на работењето на МИА како новинарско-медиумски сервис од државен и јавен интерес, како и изворите на средства за нејзино финансирање.

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО МЕДИУМСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2018 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Приходи од работењето** | 3.1 | | |
| Приходи од продажба | 3.1.1 | 10.992 | 8.279 |
| Останати приходи | 3.1.2. | 44.383 | 41.124 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **55.375** | **49.403** |
| | | | |
| **Расходи од работењето** | 3.2. | | |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.2.1 | 1.485 | 1.719 |
| Трошоци за услуги | 3.2.2 | 3.410 | 4.570 |
| Плата, надоместоци на плата и останати трошоци за вработените | 3.2.3 | 33.984 | 34.246 |
| Трошоци за амортизација | 3.2.4 | 737 | 537 |
| Останати трошоци од работењето | 3.2.5 | 7.792 | 4.773 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства | | - | 849 |
| Останати расходи | 3.2.6 | 13 | 61 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **47.421** | **46.755** |
| | | | |
| **Финансиски приходи** | 3.3. | 9 | 3 |
| **Финансиски расходи** | 3.4. | 10 | 20 |
| | | | |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | | 7.953 | 2.631 |
| | | | |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | | 7.953 | 2.631 |
| **Данок од добивка** | 3.5 | 914 | 290 |
| | | | |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | 3.6 | 7.039 | 2.341 |

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО МЕДИУМСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1** | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1.1 | 13.069 | 5.031 |
| Побарувања од купувачи | 4.1.2 | 4.619 | 5.256 |
| Побарувања за дадени аванси | 4.1.3 | 42 | 298 |
| Побарувања од вработените | 4.1.4 | 101 | 76 |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР) | 4.1.5 | 35 | - |
| **Вкупно тековни средства** | | **17.866** | **10.661** |
| **Нетековни средства** | **4.2** | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1 | 66 | 99 |
| Материјални средства | | 3.015 | 1.487 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **3.081** | **1.586** |
| **Вкупна актива** | | **20.947** | **12.247** |
| **Вонбилансна евиденција - Активни сметки** | 4.2.2. | **23.369** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 1.324 | 846 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 4.3.2 | 278 | 289 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.3.3 | 2.285 | 1.241 |
| Обврски спрема вработените | 4.3.4 | 1.974 | 1.831 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 4.3.5 | 10 | - |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 4.3.6 | 2.178 | 133 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **8.049** | **4.340** |
| **Капитал и резерви** | **4.4** | | |
| Основна главнина - запишан и уплатен капитал | 4.4.1 | 3.731 | 3.731 |
| Резерви | 4.4.2 | 746 | 746 |
| Акумулирана добивка | 4.4.3 | 1.382 | 937 |
| Добивка од тековната година | 4.4.4 | 7.039 | 2.493 |
| **Вкупно главнина и резерви** | | **12.898** | **2.175** |
| **Вкупна пасива** | | **20.947** | **12.247** |
| **Вонбилансна евиденција - Пасивни сметки** | 4.4.5. | **23.369** | **0** |

П Р Е Г Л Е Д

НА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ ЗА 2018 ГОДИНА

во 000 денар

| О П И С | ОСНОВНА ГЛАВНИНА - ЗАПИШАН И УПЛАТЕН КАПИТАЛ | РЕЗЕРВИ | АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА | ДОБИВКА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | ЗАГУБА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| **Состојба 01.01.2018 година** | **3.731** | 746 | 3.430 | | | 7.907 |
| Добивка за деловна 2018 година | | | | 7.040 | | 7.040 |
| Сметководтвена промена на товар на акумулираната добивка | | | | -2.049 | | -2.049 |
| **Состојба 31.12.2018 година** | **3.731** | **746** | **3.430** | **4.991** | **0** | **12.898** |

# МИА ■ МЕДИУМСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

Државен завод за ревизија

М-р Максим Ацевски, Главен државен ревизор

Ул.Јордан Мијалков, Палата Емануел Чучков, П.фах 249

Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 10.03.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 10-233 | / | 3 |

Медиумска Информативна Агенција
Акционерско друштво во државна сопственост, Скопје
Agjencia Informative Mediatike
në pronësi shtetërore, Shkup
АД МИА - SHA MIA
Бр.-Nr. 05-140/3
05.03 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ПРЕДМЕТ: Одговор на доставениот Нацрт извештај за извршена ревизија за 2018 година

Почитуван г-дин Ацевски,

Ви благодариме за доставениот Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција"- Скопје, во државна сопственост, кој ни го доставивте со бр.10-233/1 од 03.02.2020 година, заверен во архивата на друштвото со бр.05/140 од 10.02.2020 година.

Нацрт извештајот беше точка на дневен ред на седницата на Управниот одбор која се одржа на 17 февруари 2020 година.

Истиот го разгледавме и цениме дека коректно ги одсликува презентираните состојби.

Раководството на АД „МИА"- Скопје, во рамките на своите надлежности, веќе започна да постапува според дадените препораки.

**Препораки во делот на внатрешна контрола и усогласеност со закони**

1. Препорака од точка 4.1. и 4.2.
   Од страна на Управниот одбор на седницата одржана на 2.03.2020 година донесена е процедура за процесот на подготовка пресметка и исплата на платите на вработените во АД „МИА" – Скопје бр.02-278/3 од 3.3.2020 година

   Започнатите активности за донесување на нови акти за внатрешна организација и систематизација ќе ги продолжиме, и очекуваме во рокот од 4 месеци, рок кој е утврден со Колективниот договор за донесување на новиот Правилник за систематизација, да постапиме и по дадените препораки од точките 4.1.1 и 4.2.1.

2. Препорака од точка 4.3.1.
   Пописот на побарувањата за 2019 година е спроведен во целост, утврдена е старосна структура на на побарувањата и врз основа на предлогот на пописната комисија

Управниот одбор донесе Одлука за корекција на конто 950 (МСС 8) бр. 02-154/6 од 17.02.2020 година, за отпис на застарените побарувања.

3. Препорака од точка 4.4.1.
   Воспоставена е проверка и контрола на фактурите за надоместоците за авторските договори.
   Повторно е поднесено Барање до авторската агенција за да ги достават сите рекапитулари од УЈП, бр.02-68 од 14.01.2020 година, по што беа доставени потврдите за исплатен данок на авторски хонорари за 2017 година, со известување дека рекапитуаларите за 2018 и 2019 година ќе бидат доставени во најкус можен рок.
   Бидејќи до 10.02.2020 година сеуште не ни беа доставени бараните документи на 11.02.2020 година беше доставена опомена пред тужба преку адвокатската канцеларија која е наш правен застапник.
   На 17.02.2020 година авторската агенција ги достави останатите пресметки за 2018 и 2019 година, и потоа во два наврати, на 22 и 29 февруари 2020 година е извршен поврат на средства во вкупен износ од 324.231 денари, видно од извод бр.35 и 39.

**Во делот за нагласување на прашања за неизвесност и континуитет сакаме да информираме дека:**

1. На 4.02.2020 година, по спроведените преговори, АД „МИА"- Скопје, склучи Колективен договор со Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници, заверен во Архивата на друштвото со бр.01/123.
2. На 16.01.2020 година Надзорниот одбор на друштвото, донесе Одлука бр.02-65/7, за избор на петтиот член на управниот одбор, со што управниот одбор е целосно пополнет.

Воедно би сакал да се заблагодарам за добрата соработка и професионалниот однос на ревизорите за време на извршувањето на ревизијата.

ПРИЛОГ:

- Процедура за процесот на подготовка пресметка и исплата на платите на вработените во АД „МИА" – Скопје бр.02-278/3 од 3.3.2020 година
- Одлука за корекција на конто 950 (МСС 8) бр.02-154/6 од 17.02.2020 година, за отпис на застарените побарувања.
- Барање до авторската агенција, бр.02-68 од 14.01.2020 година
- Опомена пред тужба од 11.02.2020 година
- Фотокопија од извод од Комерцијална банка бр.35 и 39.
- Колективен договор бр. 01/123 од 04.02.2020 година
- Одлука бр.02-65/7 од 16.01.2020 година

Со почит,

АД „МИА" – Скопје

Драган Антоновски,

Генерален директор

**Одговор**
**на забелешките на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 10.03.2020 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Акционерско друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје во државна сопственост (во понатамошниот текст: МИА) број 10-233/1 од 03.02.2020 година, од раководното лице Драган Антоновски, претседател на Управен одбор и генерален директор на МИА, заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-233/3 од 10.03.2020 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на дадената **препорака за точката 4.1.1.** Внатрешни контроли, во делот Благајничко работење, која се однесува на благајничкото работење и потребата од преземање на мерки и активности за предвидување на работно место со дефинирани активности на благајничкото работење во актот за ситематизација и целосна имплементација на Правилникот за благајничко работење претставува **известување** за планирани идни активности за донесување на нови акти за внатрешна организација и систематизација за постапување по препораката и предвидување на работно места за благајничко работење, во рокови предвидени во новиот склучен Колективен договор на МИА од 04.02.2020 година.

2. Забелешката на дадената **препорака** за **точката 4.1.1.** Внатрешни контроли, во делот Процес на пресметка и исплата на плата, која се однесува на потребата од преземање на активности за изготвување на процедура за процесот на подготовка, пресметка и исплата на платите на вработените во МИА и разгледување на можноста за пополнување на работно место самостоен референт за сметководствени работи и пресметка и исплата на плата претставуваат **известување** за преземените активности од страна на МИА. Имено, од страна на Управниот одбор на седницата одржана на 02.03.2020 година донесена е процедура за процесот на подготовка пресметка и исплата на платите на вработените во МИА[1]. Преземените активности ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај, а дадената препорака соодветно прилагодена.

[1] Бр. 02-278/3 од 03.03.2020 година

3. Забелешката на дадената препорака за **точката 4.2.1** која се однесува на тоа надлежните органи за управување и раководење да продолжат со започнатите активности за донесување на нови акти за внатрешна организација и систематизација на работните места согласно закон, како и распоредувањето на вработените по работни места да се врши согласно утврдените услови и квалификации, претставуваат **известување** дека со новиот Колективен договор на МИА склучен на 04.02.2020 година, определен е рок од четири месеци за носење на нов акт за систематизација, во кој период планирано е истиот да биде донесен.

4. Забелешката на дадената препорака за **точката 4.3.1** која се однесува на преземање на мерки и активности за утврдување на правниот основ и старосна структура на побарувањата на крајот на годината, претставува **известување** за преземените активности од страна на МИА. Со пописот на побарувањата за 2019 година утврдена е старосната структура и врз основ на предлог на пописната комисија Управниот одбор донел Одлука[2] за корекција на сметка 950 (МСС 8), за отпис на застарените побарувања во износ од 821 илјади денари. Преземените активности ќе бидат предмет на наредна ревизија.

5. Забелешката на дадената препорака за **точката 4.4.1** која се однесува на потребата за вршење на тековна проверка и контрола на фактурите за надоместоците на авторските договори како и обезбедување на докази за извршените исплати, претставува **известување** за преземени активности од страна на МИА. Имено, по поднесеното Барање[3] до Авторската агенција за доставување на сите рекапитулари од УЈП, дополнително е доставена и Опомена пред тужба преку адвокатска канцеларија на 11.02.2020 година. Врз основа на доставените барања и Опомена, од страна на Авторската агенција доставени се пресметки за периодот од 2017 до 2019 година, како и во два наврати извршен е поврат на средства на сметката[4] на МИА во вкупен износ од 324 илјади денари. Преземените активности соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

6. Забелешката во делот на **точката 6.1.1** Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет**,** која се однесува на потребата од донесување на Колективен договор на ниво на МИА претставува **известување** за преземени активности. Имено, на 04.02.2020 година склучен е Колективен договор на МИА[5] со Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници. Преземените активности соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

---

[2]Бр. 02-154/6 од 17.02.2020 година
[3] Бр. 02-68 од 14.01.2020 година
[4] Извод бр. 35 од 22.02.2020 година и бр. 39 од 29.02.2020 година
[5] Бр. 01/123 од 04.02.2020 година

7. Забелешката во делот на **точката 6.1.2.** Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, која се однесува на потреба надзорниот одбор да изврши избор на член на Управен одбор заради целосно пополнување на пропишаните пет члена, претставува **известување** за преземени активности од страна на надлежните органи. Имено, Надзорниот одбор на 16.01.2020 година има донесено Одлука[6] за избор на петтиот член на управниот одбор, со што управниот одбор е целосно пополнет. Преземените активности соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

[6] Бр. 02-65/7 од 16.01.2020 година